ЈАВНА ОПШТИНСКА УСТАНОВА
ДОМ НА КУЛТУРАТА
„25-ти МАЈ" ВАЛАНДОВО
Бр. 01-6/2
21. 01. 2025 год.
ВАЛАНДОВО

**ЈОУ Дом на културата „ 25 Мај “ Валандово**

# ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА

**за работа на**

**ЈОУ Дом на културата „ 25 Мај “Валандово за**

**2025 година**

**Валандово, јануари 2025 година**

ЈАВНА ОПШТИНСКА УСТАНОВА
ДОМ НА КУЛТУРАТА
„25-ти МАЈ"
ВАЛАНДОВО
ВАЛАНДОВО

Предлог годишната програма на Домот на културата ,,25 Мај" Валандово за 2025 година претставува континуитет во обавувањето на културните активности и настани на дејностите на Домот, со цел поттикнување и развој особено на творештвото на децата и младината, афирмација и заштита на традиционалните културни вредностии поттикнување на граѓанскиот активизам.

**ВИЗИЈА**

Комуникација со средината и потикнување на љубопитноста кон културата за посетеноста на Домот да стане дел од сечие секојдневие.

**МИСИЈА**

Реализирање на планираните програми и задоволување на потребите на целокупниот кориснички потенцијал.

**ПРОГРАМА ОД ОБЛАСТА НА МУЗИЧКО-СЦЕНСКА ДЕЈНОСТ ВО 2025 ГОДИНА**

Програмската содржина од областа на музичката дејност, во текот на 2025 година, ќе реализира неколку програмски содржини од областа на концертната дејност, солистички коннцерт од областа на сериозната музика.
Интерпретацијата од ваков вид на музика се покажа како потреба , бидејки во изминатиот период во организација на другите манифестации во Домот на културата, настапите на поединци, дуети иоркестри од областа на сериозната музика, била проследена со мошне голем интерес.
Со ваквата политика на домот, би се задоволиле потребите на граѓаните на општина Валандово, особено во развојот на музичката воопшто на локално ниво.
Концертната дејност која е планирана за претстојната 2025 година, ќе се реализира преку целата 2025 година. Домот на културата има предвидено неколку настани текот на оваа година преку проектите проектите кои се испланирани и веќе аплицирани во Министерството за култура, и истите ќе се реализираат доколку бида поддржани финансиски, од страна на самото министерство.
Концертите се од областа на сериозната музика, концерт за деца и возрасни.

Програмата на концертот ТАНЦИ се осврнува на композиторите кои се градбен дел од македонската музичка историја, култура преку својата дејност и творештво. Ќе бидат селектирани и претставени дела на починатите композитори со што ќе ги одбележиме нивните јубилеи, Властимир Николовски, Александар Лековски, Драган Шуплевски, Ристо Аврамовски, но и ќе се навратиме на богатиот и исклучителен фонд на дела за гудачки оркестар. Ќе бидат изведени и дела од огромниот фонд на творештво за овој вид на оркестар претставувајќи еден пресек на звукот на совремeниeто тогаш и сега.

Програма со дела од творештвото на Александар Лековски „ТАНЦ бр.4", Властимир Николовски „ДИВЕРТИМЕНТО", Драган Шуплевски „КАПРИЧО", Ристо Аврамовски „ВЕЗИЛКА" за англиски рог и гудачки оркестар, Љубомир Брангѓолица, Љупчо Константинов и др.

Како солисти на концертот ќе настапат: Маја Чанаќевиќ – англиски рог, Горан Јанев – хорна, Елена Дојчинова – флејта и Владимир Костов – виолина.

Популаризирањето и обликувањето на музичката култура кај граѓаните, како и едуцирањето, се основните задачи на музичката програмска дејност. Исто така и оваа година, граѓаните на Валандовската општина ќе имаат можност преку концертот на реномираниот оркестар Ајга, да се запознаат со творештвото на голем број македонски композитори, доајени на македонското музичко творештво, кој со соето торештво оставиле голем белег во македонската музичка историја. Оваа година, освен на помладата популација, акцентот ќе се стави на сите граѓани на валандовската општина. Истите ќе имаат можност да уживаат во изведбата на делата на гореспоменатите македонски композитори. Со ваквата политика на домот, би се задоволие потребите во развојот на музичкат култура воопшто, на локално ниво.

Часовите по пијано, континуирано се одржуваат секој ден, дво до три пати неделно, во просториите на домот на културата од страна на стручниот соработник за музичка дејност Виктор Давчев. Истите се прилагодени во зависност од смените во училиште слободните ангажмани на учениците.

Оваа година, предвидени се неколку предавања од реномирани македонски

музичари/педагози, кои ќе зборуваат на тема музиката во најраната возраст, како и музиката во македонскиот филм.

Предвидено е реализација на музичкиот детски фестивал Весело штурче, кое оваа година го одбележува својот јубилеј од постоењето. Неколку музички рецитали на кои ќе се претстават учениците кои постуваат часови по пијано.

**Предлог програма за 2025 (литературна дејност):**

1. 12 настани / 12 разговор средби со Клубот на читатели врз основа на годишна програма која ќе биде утврдена во текот на јануари.
2. 5 промоции на книги или книжевни разговори со млади македонски автори. Селекцијата на авторите ќе биде направена дополнително.
3. 2 театарски претстави. Едната претстава е веќе во фаза на реализирање.
4. 4. 2 поткасти со истакнати личности од областа на македонската литература.

ПРОГРАМА ЗА 2025(БИБЛИОТЕЧНА ДЕЈНОСТ)

И во 2025 година библиотеката „Гоце Делчев" ќе набави нови наслови со што ќе се зголеми фондот во библиотеката. Новите книги после техничката обработка се внесуваат електронски во програмата COBISS. Со таа програма на читателите им се овозможува од дома да проверат со кои наслови и автори располага библиотеката. А набрзо со истата програма ќе можат и од дома да си ја резервираат книгата која ќе сакаат да ја изнајмат.

И во 2025 година корисниците на библиотеката ќе можат да ги изнајмат игрите со кои располага библиотеката.

Во февруари ќе се распише конкурс по повод празникот 8 Март.

На 23 април ќе се одбележи Светскиот ден на книгата и авторското право.

Во месец септември ќе се организира саем со повеќе издавачки куќи.

Во октомври ќе се распише конкурс по повод Месецот на книгата.

На почетокот од месец декември се планира новогодишна работилница.

По долги години ќе се организира општински натпревар за млади библиотекари, а потоа библиотеката со најдобриот кандидат ќе учествува на државен натпревар за млади библиотекари.

Ќе бидат одбележани значајни дати.

ЛИКОВНА ДЕЈНОСТ

Во Ликовната Дејност исто така и во 2025 година ќе се одржи 29 Меѓународна ликовна колонија со наслов „Валандово 2025".

Ликовната колонија ќе се одржи околу месеците Мај до Август ќе се одбере точна дата по договор со уметниците кои ќе учествуваат на неа.

Делата кои ќе бидат насликани на ликовната колонија ќе останат во сопственост на Домот и ќе бидат изчожени во просториите на Домот на културата „25 Мај" на 6 ти Ноември 2025 година на ослободувањето на Општина Валандово.

МУЗЕЈСКА ДЕЈНОСТ

Музејската дејности исто и во 2025 година очекуваме да биде посетена од граѓани од нашата општина и пошироко, а најголем тапет ќе ставиме на посета на ученици за да можат да се запознаат со нашата култура од областа на Археологијата и Етнологијата.

Во 2025 година исто ќе се одржат и други настани од повеќе дејности, театарски претстави, станд ап комедии, музички настани и по подолго време Валандово ќе добие повторно Кино и ќе има од повеќе категории на филмови прикажено.

ИНВЕСТИЦИИ

Во 2025 година се планират инвестиции реконструкција на цел објект на Домот на култура кој зафаќа промена на парно, фасада,промена на стакло и врати и обезбедување на фотоволтаици.

ЈОУ Дом на култура „25Мај“ Валандово

ВД Директор

Деан Исиров

ЈАВНА ОПШТИНСКА УСТАНОВА
ДОМ НА КУЛТУРАТА
„25-ти МАЈ„ ВАЛАНДОВО
Бр. 02-7/2
22.01.2025 год.
ВАЛАНДОВО

Врз основа на член 35 од Законот за култура (Сл.весник на Р.М. бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15 и 39/16), Управниот одбор на ЈОУ Дом на културата ,,25-ти Мај,, Валандово на седницата одржана на ден 22.01.2025 година донесе :

# О Д Л У К А

## За давање на согласност на програмата за работа за 2025 година на ЈОУ Дом на културата "25-ти Мај" Валандово

1. Се дава согласност на програмата за работа за 2025 година на Јавната Општинска Установа Дом на културата "25-ти Мај" Валандово, поднесена од директорот.

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното усвојување.

Претседател
на Управен одбор
на Домот на културата "25-ти Мај"
Валандово
Игор Андонов